**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Т.9**

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 417 став 1 и чл. 418 од Законот за трговските друштва како и чл. 90 од Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, а согласно Одлуката за намалување на основната главнина на Друштвото бр. 0201-141 од 21.11.2018 година, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 16.05. 2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје бр.02-17 од 17.03.2008 година се врши следната измена и дополнување:

Членот 19 се менува и гласи:

**“Друштвото работи со средствата на Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема “Раде Кончар-Апаратна техника” Скопје.**

**Основната главнина на Друштвото изнесува 4.124.600 Евра, односно 250.908.661,00 денари .**

**Основната главнина е изразена во 206.230 обични акции, а номиналната вредност на една акција изнесува 20 Евра.”**

**Член 2**

Се овластува Одборот на директори на Акционерското друштво, да подготви пречистен текст на Статутот во кој ќе биде внесена измената на Статутот извршена со оваа Одлука.

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на седницата одржана на ден 21.11.2018 година донесе одлука за намалување на основната главнина на Друштвото бр. 0201-141 од 21.11.2018 година, со која се намалува основната главнина на Друштвото на 4.124.600 Евра односно на 250.908.661,00 денари и тоа со намалување на номиналниот износ на акцијата

од 25 евра на 20 евра за една обична акција, а со цел на акционерите да им се врати намалената основна главнина, по исполнување на условите од чл.447 од ЗТД.
Наведената Одлука е предбележана во Трговскиот регистар на ден 18.12.2018 година, па со исполнување на условите од Законот за трговски друштва, ќе се изврши упис на намалувањето на основната главнина во Трговскиот регистар.
Со оглед на тоа што се врши упис на промена која предизвикува и промена на Статутот на Акционерското друштво, а заради спроведување на уписот, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**